Средствата за дореализација на инфраструктурните проекти од став 1 на овој член во износ од 1.275.375.687,00 денари, ќе се обезбедат од буџетите на Република Северна Македонија за 2026 и 2027 година, Раздел 16001 – Министерство за образование и наука.

Член 3

За следење на наменското користење на капиталните дотации од оваа одлука се грижи Министерството за образование и наука, преку склучување договори со единиците на локалната самоуправа за начинот на користење на финансиските средства и преку следење на реализацијата на склучените договори.

Исплаќањето на финансиските средства од оваа одлука треба да биде со рокови утврдени во договорите од став 1 на овој член на посебна наменска сметка на општините корисници на средствата, отворена исклучиво за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука.

Член 4

Министерството за образование и наука во случај на утврдени неправилности и ненаменско користење на средствата од страна на општините корисници, ќе ја запре исплатата на средствата за капиталните дотации.

Член 5

Општините корисници распределените средства треба да ги користат за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука, во спротивно имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Општините корисници на средствата од оваа одлука, месечно доставуваат извештаи за реализацијата и напредокот на активностите до Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука доставува извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Северна Македонија на секои три месеци.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6245/16
1 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**2979.**

Врз основа на член 44 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24), а во врска со член 7 од Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/25 и 65/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јули 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ДОТАЦИИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува намената и описот на активностите на инфраструктурните проекти од областа на културата за 2025 година, корисникот на средствата како носител на активноста, износот на финансиските средства и начинот на користење и исплатата на финансиските средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во Раздел 180.10 – Финансирање на дејностите од областа на културата, Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС, во вкупен износ од 135.539.410,00 денари за 2025 година.

Член 2

Вкупната вредност на проектите и средствата обезбедени од членот 1 од оваа одлука се за реализација на следните инфраструктурни проекти:

| Намена и опис на активност | Корисник на средствата (општини) | Вкупна вредност на проектот (во денари) | Вкупно средства по проект за 2025 година (во денари) |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на културен дом „Ацо Караманов" град Радовиш | Радовиш | 38.487.373,00 | 8.377.595 |
| Реконструкција со пренамена на Стоковна куќа во мултифункционален и културен центар со музејска поставка на град Радовиш – втора фаза | Радовиш | 161.785.532,00 | 35.216.029 |
| Изградба на дом на култура во населено место Петровец | Петровец | 28.668.664,00 | 6.240.347,00 |
| Основен проект за изградба на зграда за Општинска јавна установа – Културен дом (фаза 1 дел 2) | Чучер-Сандево | 31.560.761,00 | 6.869.872,00 |
| Конзервација и реставраторски работи и делумна реконструкција на Акрополот на тврдината ИСАР во Штип | Штип | 94.717.972,00 | 20.617.366,00 |
| Конзервација и реставрација на фрескоживописот во црквата Св. Константин и Елена во Мокрино | Ново Село | 2.170.000,00 | 472.365,00 |
| Изградба на дом на култура Чашка | Чашка | 13.076.206,00 | 2.845.321,00 |
| Реконструкција на Мултифункционален центар во Општина Аеродром (1 фаза) | Аеродром | 98.977.954,00 | 21.544.640,00 |
| Мултифункционална сала во склоп на Дом на култура „Димитар Беровски" - Берово | Берово | 90.414.225,00 | 19.680.565,00 |
| Живеалиште на копитари во Зоолошка градина, Битола | Битола | 9.634.336,00 | 2.097.126,00 |
| Изградба на тераријум во Зоолошка градина, Битола | Битола | 8.994.667,00 | 1.957.888,00 |
| Конзервација и реставрација на калдрма во Стара Скопска Чаршија | Чаир | 28.841.813,00 | 6.278.036,00 |
| Внатрешен енетериер на младински центар | Желино | 15.350.000,00 | 3.341.260,00 |
| **ВКУПНО** | | **622.679.503,00** | **135.539.410,00** |

20252685175

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 44 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24 и 151/25), а во врска со член 7 од Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/25 и 65/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ДОТАЦИИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), во член 1, износот „135.539.410,00“ се менува со износот „14.889.086,00“.

Член 2

Во член 2 став 1, табелата се менува и гласи:

„

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на културен дом „Ацо Караманов“ град Радовиш | Радовиш | 38.487.373,00 | 7.218.680,00 |
| Реконструкција со пренамена на Стоковна куќа во мултифункционален и културен центар со музејска поставка на град Радовиш – втора фаза | Радовиш | 161.785.532,00 | / |
| Изградба на дом на култура во населено место Петровец | Петровец | 28.668.664,00 | 5.932.940,00 |
| Основен проект за изградба на зграда за Општинска јавна установа – Културен дом (фаза 1 дел 2) | Чучер-Сандево | 31.560.761,00 | 1.737.466,00 |
| Конзервација и реставраторски работи и делумна реконструкција на Акрополот на тврдината ИСАР во Штип | Штип | 94.717.972,00 | / |
| Конзервација и реставрација на фрескоживописот во црквата Св. Константин и Елена во Мокрино | Ново Село | 2.170.000,00 | / |
| Изградба на дом на култура Чашка | Чашка | 13.076.206,00 | / |
| Реконструкција на Мултифункционален центар во Општина Аеродром (фаза 1) | Аеродром | 98.977.954,00 | / |
| Мултифункционална сала во склоп на Дом на култура „Димитар Беровски“ – Берово | Берово | 90.414.225,00 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Живеалиште на копитарите во Зоолошка градина, Битола | Битола | 9.634.336,00 | / |
| Изградба на тераријум во Зоолошка градина, Битола | Битола | 8.994.667,00 | / |
| Конзервација и реставрација на калдрма во Стара Скопска Чаршија | Чаир | 28.841.813,00 | / |
| Внатрешен ентериер на младински центар | Желино | 15.350.000,00 | / |
| Вкупно: | | 622.679.503,00 | 14.889.086,00 |

"

Во став 2, износот „487.140.093,00" се менува со износот „607.790.417,00", а зборовите „и 2027" се менуваат со зборовите „2027 и 2028".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-12027/5
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.